NATO
OTAN

# БЕЗБЕДНОСТ ПРЕКУ ПАРТНЕРСТВО



# БЕЗБЕДНОСТ ПРЕКУ ПАРТНЕРСТВО



# Предговор

Оваа брошура има за цел да ги објасни основните принципи на кои се заснова Евроатлантското партнерство и неговите суштински механизми. Тоа понатаму се фокусира на пет клучни сфери на активности - безбедносен дијалог и соработка, операции за поддршка на мирот, реформи во одбраната, подготовка за елементарни непогоди, и соработка во областа на науката и животната средина - кои покажуваат како евроатлантската безбедност се зголемува преку партнерство и како соработката е од вистинска, практична релевантност за земјите-партнери. Партнерските активности може да имаат позитивно влијание врз реформата, врз развојот на демократските структури, и врз учеството на земјите-партнери во мултинационалната соработка како членки во поширокатa меѓународна заедница.

Невозможно е во една публикација да се опфати севкупниот спектар и нивото на активностите во рамките на кои земјите-партнери работат заедно со НАТО. Таквите активности содржат не само операции за поддршка на мирот на Балканот и во Авганистан коишто се добро медиумски покриени туку и соработката во многу други области како што се борбата против тероризмот, реформите во одбраната, економските аспекти на безбедноста, подготовката за елементарни непогоди, контролата на оружјето, логистиката, воздушната одбрана, управувањето со воздушниот простор, вооружувањето, образованието и обуката, науката и животната средина, и информативни програми.

НАТО исто така развива посебни односи со две партнерски земји, Русија и Украина, и со седумте земји коишто се дел од Медитеранскиот дијалог. Понатаму, Алијансата истражува можности за соработка со земјите од поширокиот регион на Блискиот Исток преку иницијатива започната на Самитот во Истанбул во јуни 2004 г. Овие односи не се опфатени со оваа брошура, меѓутоа тековната и идната соработка со овие земји се гради врз бројните активности и механизми што се развиваат во рамките на Евроатлантското партнерство.

# Содржина

БЕЗБЕДНОСТ ПРЕКУ


4__ Почетоците и развојот на Партнерството

8__ Основни механизми

14__ Безбедносен дијалог и соработка

18__ Мапа на НАТО и на земјите-партнери.












Белешка: Забелешките во оваа публикација за поранешната југословенска Република Македонија се означени со ѕвездичка (*) и се однесуваат на следнава фуснота: *Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име*.

Користени фотографии: Сите фотографии се © НАТО, освен ако не е означено поинаку .

# ПАРТНЕРСТВО


**20__** Операции за поддршка на мирот

**24__** Реформи во одбраната

**29__** Подготовка и реакција при елементарни непогоди

**33__** Безбедноста, науката и животната средина




© Фински одбранбени сили









**36__** Вистинска евроатлантска безбедносна култура

# Почетоците и развојот на Партнерството

Во ноември 1989 г. падна Берлинскиот ѕид, со што се означи крајот на Студената војна. За кусо време, исклучителното темпо на промени во Централна и во Источна Европа го соочи НАТО со нова и многу различна група на безбедносни проблеми. Политички промени од невиден размер отворија големи можности за зголемување на безбедноста во Европа, но неизбежно ќе значеа дополнителна несигурност и потенцијална нестабилност.

Што можеше да се стори и да се искористи шансата европските безбедносни прашања да тргнат по еден нов и посигурен пат, по судирите од времето на Студената војна? Какви чекори можеше да се преземат за односите меѓу сите земји во Европа, Источна и Западна повторно да се нормализираат? Како да им се помогне на државите од Централна и Источна Европа да ја консолидираат одново-откриената независност и да ја остварат својата амбиција за целосно учество како демократски земји, регионално и пошироко во светот, во справувањето со мултинационалните безбедносни проблеми?

Сојузничките лидери одговорија на самитот во Лондон, во јули 1990 г., подавајќи „рака на пријателство“ преку поранешната линија на поделба помеѓу Исток и Запад и со предлог за нов однос на соработка со сите земји од Централна и Источна Европа. Во декември 1991 г. сцената беше подготвена за формирање на Северноатлантскиот совет за соработка (NACC), како форум кој би ги обединил НАТО и неговите нови земји-партнери и притоа заедно ќе се разгледуваат прашањата од заеднички интерес. (Темпото на промените во Европа во тоа време беше такво што првиот состанок на Северноатлантскиот совет за соработка беше сведок на еден историски настан: додека се договараше финалното соопштение, советскиот амбасадор изјави дека Советскиот Сојуз се распаднал за време на самиот состанок, и дека тој сега ја претставува само Руската Федерација.)

Овој бран на промени во ставовите беше грижливо вткаен во еден нов стратегиски концепт на Алијансата, објавен во ноември 1991 г., со кој се усвои поширок пристап кон

> По крајот на Студената војна се појавија нови можности за унапредување на безбедноста и за развој на соработката.





“Ова партнерство се формира како израз на заедничко уверување дека стабилноста и безбедноста во евроатлантската област може да се постигне само преку соработка и заедничка акција. Заштитата и унапредувањето на основните слободи и човекови права, и зачувувањето на слободата, правдата и мирот преку демократијата, се заеднички вредности коишто се неопходни за партнерството.“

(Партнерство за мир: Рамковен документ - Самит во Брисел, 10 јануари 1994 година)

безбедноста. Можностите за постигнување на целите на Алијансата преку политички средства беа поголеми отколку кога било. Иако одбранбената димензија остана неопходна, сега можеше да се даде поголема важност на економските, социјалните и еколошките прашања како начин на унапредување на стабилноста и безбедноста во евроатлантската област како целина. Дијалогот и соработката претставуваа битни делови од приодот кој беше потребен за да се управува со разновидните предизвици со кои се соочуваше Алијансата. По крајот на Студената војна, главните цели беа како да се намали опасноста од судир како резултат на неразбирање или намера и подобро да се управува со кризите коишто влијаат врз безбедноста на сојузниците; да се зголеми взаемното разбирање и довербата меѓу сите европски држави; и да се прошират можностите за вистинско партнерство во справување со заедничките безбедносни проблеми.

Веднаш по крајот на Студената војна, консултациите во рамките на Северноатлантскиот совет за соработка се фокусираа на безбедносните прашања заостанати од Студената војна, како што беа повлекување на руските трупи од балтичките држави. Исто така беше започната политичка соработка по низа прашања што се однесуваа на безбедноста и на одбраната. Северноатлантскиот совет за соработка ги удри темелите на многу работи. Сепак, тој се фокусираше на мултилатерален политички дијалог и не нудеше можност секој партнер поединечно да развива соработка со НАТО.

Ова се смени во 1994 г. со формирањето на Партнерството за мир (ПзМ), главната програма за практична билатерална соработка меѓу НАТО и поединечни земји-партнери, која претставуваше значителен скок напред во процесот на соработката. Во 1997 г., беше формиран Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) со цел да го замени Северноатлантскиот совет за соработка и да се надгради врз неговите постигнувања, така отварајќи зголемено и пооперативно партнерство.

Суштината на партнерството и на соработката на мултинационално ниво се состои од редовни консултации и соработка насочени кон градење на транспарентност и доверба во целата евроатлантска област. На билатерално ниво, тоа повикува на развој на практичен работен однос меѓу поединечни земји-партнери и НАТО, заснован врз нивните конкретни состојби и потреби.

Партнерскиот процес инволвира градење на дијалог и разбирање меѓу сите инволвирани земји, од кои многу се поранешни непријатели како членки на спротивставени сојузи, или пак долго биле во регионални, територијални, политички, етнички или религиозни спорови. Заедничките активности коишто имаат за цел да се изнајдат заеднички решенија за заедничките безбедносни предизвици, доведоа до важни достигнувања во надминувањето на предрасудите и во утврдувањето на јасна визија за взаемна корист од соработката.

Од самите почетоци на Партнерството, постигнат е исклучителен напредок, иако имаше пречки и проблеми, кои можеби беа неизбежни со оглед на сложениот процес на политичките, економските, и социјалните промени кои се случуваа во Централна и Источна Европа и во поранешниот Советски Сојуз. ЕАПС и програмата на ПзМ внимателно развиваат сопствена динамика напоредно со последователните чекори на НАТО и неговите земји-партнери со цел да се прошири безбедносната соработка, и надградувајќи се на сопствените партнерски договори. Како НАТО се трансформираше во текот на сите овие години со цел да се справи со новите предизвици од безбедносното опкружување кое постојано се менува, така и Партнерството се развиваше. За да ја сочува динамиката и релевантноста на Алијансата, активностите и механизмите на Партнерството мораа да бидат прилагодени така што ќе можат да одговорат на новите приоритети на НАТО *(погледни во главата „Основни механизми“).*

Исто така, Партнерството мораше да се продлабочи и да се прошири за да се одговори на аспирациите на разни земји-партнери и да остане привлечен предлог за истите. Двете рунди на проширување на НАТО ја променија рамнотежата помеѓу сојузниците и партнерите *(погледни во квадратот)*. Веќе во март 2004 г., имаше повеќе сојузници отколку партнери - и партнерите кои останаа се многу разновидна група. Тука се вклучени балканските земји кои сè-уште се занимаваат со своите наследства од минатото, стратешки важните, но неразвиени земји од Кавказот и од Централна Азија, и западноевропските неврзани земји. Додека некои од нив се во процесот на развивање на своите одбранбени структури и капацитети, другите се во можност да придонесат со значителни сили за операциите предводени од НАТО и да им понудат на другите земји-партнери совет, обука и помош во разни области.

Денес, 20 партнери го користат ЕАПС за редовни консултации со 26-те сојузници и за развивање на соработка по прашања коишто содржат многу различни аспекти на одбраната и безбедноста. Нивните воени сили често изведуваат заеднички вежби и активности; нивните војници служат рамо до рамо во мировните операции предводени од НАТО; и сојузниците и партнерите работат заедно на заедничката цел во борбата против заканата од тероризмот. Никој во времето кога заврши Студената војна не можеше да го предвиди овој драматичен развој на настаните во евроатлантското стратегиско опкружување.

Првобитната цел на партнерската политика на НАТО беше да се срушат бариерите и да се гради безбедноста преку дијалог и соработка. Денес, целите се многу поамбициозни, затоа што земјите-партнери работат заедно со НАТО на справувањето со безбедносните предизвици на 21-виот век, вклучувајќи го и тероризмот, пролиферацијата на оружја за масовно уништување, и нестабилните држави.

## СОЈУЗНИЦИТЕ И ПАРТНЕРИТЕ

Со тек на времето, триесет земји станаа учеснички на Партнерството - Албанија, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Белорусија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Финска, Грузија, Унгарија, Ирска, Казахстан, Киргистан, Летонија, Литванија, Молдавија, Полска, Романија, Русија, Словачка, Словенија, Шведска, Швајцарија, поранешната југословенска Република Македонија*, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан.

Од 1997 година, се развиваат посебни односи со Русија и Украина, што беше постигнато со потпишувањето на Основачкиот документ за заемни односи, соработка и безбедност помеѓу НАТО и Русија, и на Повелбата за дистинктивно партнерство меѓу НАТО и Украина. Со формирањето на Советот на НАТО и Русија во 2002 година, односите со Русија се интензивираа, а сојузниците и Русија заседаваат на еднаква основа. Во ноември 2002 година се направија чекори за продлабочување и проширување на односите помеѓу НАТО и Украина со усвојувањето на Акциониот план на НАТО и Украина, со кој се дава поддршка на реформите на Украина на патот кон целосна интеграција во евроатлантските безбедносни структури.

Десет земји-партнери станаа Сојузници. Чешка, Унгарија и Полска влегоа во Алијансата во 1999 година, а истото го сторија и Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија во 2004 година. Три земји-кандидати моментално работат на сопствена подготовка за идното членство, а тоа се Албанија, Хрватска и поранешната југословенска Република Македонија.*

Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора исто така се надеваат да станат дел од Партнерството за мир и на Евроатлантскиот партнерски совет. НАТО дава поддршка на нивните аспирации, но исто така утврди и услови кои мораат прво да се исполнат. Истите вклучуваат целосна соработка со Меѓународниот суд за воени злосторства за поранешна Југославија, а особено притворањето на Радован Караџиќ и на Ратко Младиќ, најозлогласените обвинети за воени злосторства. НАТО, во меѓувреме, веќе дава поддршка на реформите во одбраната во Босна и Херцеговина. Со Србија и Црна Гора моментално се одвива ограничена безбедносна соработка која вклучува и учество на офицери и цивилни лица на воведни курсеви за НАТО кои имаат за цел да ги запознаат со Алијансата, прашањата поврзани со управување со кризи, операции на поддршка на мирот и цивилно-воена соработка.



# Основни механизми

НАТО редовно се консултира со своите партнери преку Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) со што се дава општата политичка рамка за односите со партнерите. Секој партнер исто така е во можност да изгради сопствени односи со Алијансата преку Партнерството за мир (ПзМ) што претставува програма на практични активности каде што партнерите можат да одберат сопствени приоритети за соработка. Овие два основни механизми на Партнерството станаа главни темели на евроатлантската безбедносна архитектура.

Се преземаат чекори за натамошно продлабочување на соработката помеѓу сојузниците и партнерите на последователните самити во Мадрид (1997 г.), Вашингтон (1999 г.), Прага (2002 г.) и Истанбул (2004 г.). Овие иницијативи се засноваа на заедничките вредности и принципи коишто ја нагласуваа соработката и ја покажаа постојаната заложба за следење на основната цел на Партнерството: да се зајакнат и прошират мирот и стабилноста во евроатлантската област и пошироко.

## ПРЕСВРТНИЦИ ВО ПАРТНЕРСТВОТО

**1991** Прв состанок на Северноатлантскиот совет за соработка

**1994** Почетокот на Партнерството за мир (ПзМ); Се формираа мисиите на партнерите при НАТО; Координативна ќелија на Партнерството се формираше при Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE)

**1995** Меѓународен координативен центар се формираше во SHAPE

**1996** Земјите-партнери зедоа учество во силите предводени од НАТО за имплементација на мировниот договор за Босна и Херцеговина

**1997** Прв состанок на Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) во Синтра, Португалија; На следните самити на НАТО и ЕАПС во Мадрид, Шпанија, оперативната улога на ПзМ се зголеми

**1998** Се формираше Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди и на Единицата за реакција при елементарни непогоди

**1999** Три партнери - Чешка, Унгарија и Полска - влегоа во НАТО; Дијалогот и соработката се содржани во Стратегискиот концепт на Алијансата како дел од нејзините основни безбедносни задачи; На самитот во Вашингтон договорено е и понатаму да се зајакнува ПзМ и да се зајакне неговата оперативна улога; Земјите-партнери распоредија трупи како дел од Силите за Косово предводени од НАТО

**2001** 12 септември, ЕАПС се состана и ги осуди терористичките напади против Соединетите Американски Држави со заложба да се бори против тероризмот

**2002** Сеопфатното разгледување доведува на јакнење на ЕАПС и на ПзМ на самитот во Прага; Почетокот на Партнерскиот акционен план против тероризмот

**2003** Земјите-партнери испратија трупи во рамките на Меѓународните безбедносни сили за помош во Авганистан

**2004** Седум партнери - Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија - станаа членки на НАТО; На самитот во Истанбул се направија дополнителни чекори за јакнење на Партнерството; Беше инициран Партнерскиот акционен план за градење на одбранбените институции

# Евроатлантскиот партнерски совет

Евроатлантскиот партнерски совет е место каде се обединуваат членките на НАТО и партнерите, во моментов вкупно 46 земји, во еден мултилатерален форум за редовен дијалог и консултации околу политички и безбедносни прашања. Советот исто така претставува политичка рамка за поединечните билатерални односи кои се развиваат меѓу НАТО и земјите-учеснички во Партнерството за мир.

Одлуката за формирање на ЕАПС во 1997 година претставуваше желба да се направи чекор повеќе во однос на резултатите на Северноатлантскиот совет за соработка за да се изгради еден безбедносен форум за поголемо и пооперативно партнерство коешто ќе одговара на пософистицираните односи кои се градат со партнерите во рамките на програмата на ПзМ и во контекст на мировната операција во Босна и Херцеговина, каде што во 1996 г. беа распоредени трупи од 14 земји-партнери да служат рамо до рамо со сојузниците. Ова беше во сообразност со чекорите што истовремено се преземаа за да се зајакне улогата на Партнерството за мир преку зголемено вклучување на земјите-партнери во процесот на донесување одлуки и планирање низ сиот спектар на партнерски активности. Исто така со формирањето на ЕАПС, се отвори и партнерската рамка, првобитно направена за да се ангажираат некогашните земји од Варшавскиот пакт, а сега за да се вклучат и неврзаните земји од Западна Европа.

Покрај краткорочните консултации во рамките на ЕАПС за тековните политички и безбедносни прашања, постои и долгорочно консултирање и соработка во многу области. Меѓу другото тие вклучуваат и справување со кризи и операции за поддршка на мирот; регионални прашања; контрола на оружјето и прашања поврзани со пролиферацијата на оружје за масовно уништување; меѓународниот тероризам; одбранбените прашања како што се планирање, буџетирање, политика и стратегија; планирање на вонредни состојби од не-воен карактер и подготовка за елементарни непогоди; соработка во областа на вооружувањето; нуклеарната безбедност;

> Генералниот секретар на НАТО претседава со седниците на Евроатлантскиот партнерски совет.




цивилно-воена координација во управувањето со воздушниот сообраќај; и научната соработка.

ЕАПС располага со повеќе опции, во зависност од предметот на дискусија, што овозможува состаноци меѓу сојузниците и партнерите, или пак во помали работни групи со отворена агенда. Клучот за неговиот успех лежи во неговата флексибилност.

Повеќето од земјите-партнери имаат дипломатски мисии во седиштето на НАТО во Брисел, со што се олеснува редовната комуникација и дава можност за консултации секогаш кога е потребно. Состаноците на ЕАПС се одржуваат еднаш месечно на ниво на амбасадори, еднаш годишно на ниво на министри за надворешни работи и министри за одбрана како и на началници на ГШ, а понекогаш и на ниво на самит. Почнувајќи од 2005 г. еднаш годишно ќе се состанува и новиот и висок Безбедносен форум на ЕАПС, за да разгледува значајни безбедносни прашања и да изнајде начини како НАТО и земјите-партнери заедно да се справат со истите на најдобар можен начин.

# Партнерство за мир

Врз основа на практичната соработка и заложбата за демократските принципи на кои се потпира самата Алијанса, Партнерството за мир има за цел да се зголеми стабилноста, да се намалат заканите по мирот и да се изградат посилни безбедносни односи меѓу поединечните партнери-земји и НАТО, како и меѓу самите земји-партнери.

Суштината на програмата на ПзМ е партнерство кое се воспоставува поединечно помеѓу секоја земја-партнер и НАТО, креирано за поединечните потреби и заеднички се имплементира на нивото и со динамиката одбрани од секоја влада-учесник. Преку Партнерството за мир развиен е еден сеопфатен сет на алатки во поддршка на имплементацијата на целите и задачите на ПзМ и за преточување на идеите во акции. Инструментите и иницијативите кои се развиваат, опишани подолу, обезбедуваат рамка за билатерални и за мултилатерални активности, така нудејќи им на партнерите ефикасни и транспарентни програми во поддршка на нивните ангажмани со НАТО.



> Хрватска го потпиша Рамковниот документ на Партнерството за мир во мај 2000 година.

Формална основа за Партнерството за мир претставува Рамковниот документ, со кој се утврдуваат посебните активности за секоја земја-партнер. Секоја земја-партнер презема далекусежни политички заложби за зачувување на демократските општества; за придржување кон принципите на меѓународното право; за исполнување на обврските од Повелбата на ООН, од Универзалната декларација за човековите права, од Хелсиншкиот финален документ, и од меѓународните договори за разоружување и контрола на оружјето; за воздржување од закана или користење на сила против другите држави; за почитување на постојните граници; и за решавање на спорoвите по мирен пат. Се прават и посебни заложби за унапредување на транспарентноста во планирањето и буџетирањето на националната одбрана за да се утврди демократска контрола над воените сили и за да се развива капацитетот за заеднички акции со НАТО во мировните и хуманитарни операции. Рамковниот документ исто така содржи и заложба од сојузниците да се консултираат со секоја земја-партнер која смета дека има директна закана по нејзиниот територијален интегритет, политичка независност или безбедност - еден механизам којшто го искористија, на пример, Албанија и поранешната југословенска Република Македонија* за време на косовската криза.

Земјите-партнери вршат избор на поединечните активности кои се засноваат на нивните амбиции и капацитети. Тие се предложени до сојузниците во Документот за претставување. Потоа помеѓу НАТО и секоја земја-партнер заеднички се развива и договара Индивидуалната партнерска програма. Овие двогодишни програми се подготвуваат од една широка понуда на активности, во согласност со конкретните интереси и потреби на секоја земја. Фокусот на соработката е пред сè врз работата поврзана со одбраната, врз реформите во одбраната и врз последиците од истите, но исто така се занимава и речиси со секое поле на ативноста на НАТО, вклучително и политиката и планирањето на одбраната, цивилно-воените односи, обрзованието и обуката, противвоздушната одбрана, комуникациските и информативни системи, управувањето со кризи и планирањето во вонредни состојби од не-воен карактер.

На самитот во Вашингтон, во април 1999 г., беа предложени важни иницијативи за да се зголеми оперативниот фокус на Партнерството за мир и инволвирањето на земјите-партнери во одлучувањето и планирањето на ПзМ. Тие се однесуваа на воведувањето на Концептот на оперативните капацитети и Политичко-воената рамка. Исто така беше започната и Програмата за унапредување на обуката и образованието за да се зајакнат оперативните капацитети на земјите-партнери преку обука и образование на своите воени сили.

Концептот на оперативните капацитети се развива за да се подобри капацитетот на Алијансата и на партнерските сили за да работат заедно во рамките на операции на ПзМ предводени од НАТО. Целта е да се обезбеди поголема флексибилност во обединувањето на сили конкретно прилагодени за пополнување и поддршка на идните операции на ПзМ предводени од НАТО. Механизмот е фокусиран на силите и капацитетите кои се потенцијално достапни за таквите операции. Зголемените мирновременски работни односи, коишто се развиваат прогресивно помеѓу партнерските и сојузничките штабови и персонал, и помеѓу сојузничките и партнерските формации, ја олеснуваат интеграцијата на овие сили во силите предводени од НАТО. На самитот во Истанбул, беше утврдено дека, како дел од реализацијата на Концептот на оперативните капацитети, ќе има усогласување на интероперативните стандарди и поврзаните вреднувања со соодветните механизми на НАТО.

Политичко-воената рамка утврдува принципи, модалитети и други видови на советување за вклучување на партнерите во политичките консултации и донесување одлуки, во оперативното планирање и во командните аранжмани. Во Истанбул беше нагласена потребата за побрзо вклучување на партнерите во процесот на обликување на одлуките. Одредбите од овој рамковен документ се реализираат во сите операции со партнерите предводени од НАТО и се користат како општо советување во врска со придонесите од партнерите кон други активности на НАТО, како што се вежбите и Фондовите на ПзМ.

За подобро интегрирање на земјите-партнери во секојдневното работење на Партнерството во неколку штабови на НАТО вклучен е персонал на ПзМ екипиран со офицери од земјите-партнери. Координативната ќелија на Партнерството при Оперативната команда на НАТО, со седиште во Монс, Белгија, помага во координацијата на обуката и вежбите на ПзМ. Понатаму, Меѓународниот координативен центар овозможува информирање и планирање за сите земји што не се членки на НАТО коишто допринесуваат со трупи во мировните операции предводени од НАТО *(погледни на стр. 23)*.

За да се овозможи партнерските сили подобро да функционираат со воените сили на НАТО во рамките на мировните операции, преку Процесот на планирање и анализа (PARP) на ПзМ се обезбедуваат насоки во врска со интероперабилноста или капацитетите. Овој процес значително придонесе за тесната соработка на земјите-партнери во мировните операции предводени од НАТО на Балканот и во Авганистан. Механизмот на PARP е моделиран врз сопствениот систем за планирање на силите во НАТО и им се нуди на партнерите на доброволна основа. Планските цели, или Партнерските цели, се договараат со секоја земја-учесник а напредокот се мери со широки анализи. Со текот на време, потребите на PARP станаа посложени, потешки и поврзани со подобрувањата на капацитетите кои самите сојузници ги утврдија за себе. Партнерите го користат PARP и за да добијат ефикасни, достапни и одржливи воени сили како и за да промовираат поширoки напори за реформа во одбраната. Овој механизам, на пример, има одиграно централна улога во сеопфатните одбранбени реформи во Украина *(погледни на стр. 25)*.

Дел од партнерските иницијативи им помагаат на партнерите да се справат со последиците од реформите во одбраната, ова е најочигледно со политиката на Фондот на ПзМ *(погледни во квадратот на стр. 28)*, која нуди практична поддршка за безбедно уништување на противпешадиските мини и вишокот оружје, како и за преквалификување на воените лица и за пренамена на воените бази.

> Швајцарски хеликоптер од КФОР лета над Приштина, Косово: промовирањето на соработката во рамките на мировните операции предводени од НАТО е клучниот фокус на партнерството.



© SWISSINT

## Продлабочување на соработката

На самитот на Прага во ноември 2002 г. се презедоа дополнителни чекори за продлабочување на соработката меѓу НАТО и земјите-партнери. Со сеопфатната анализа на ЕАПС и на Партнерството за мир се препорача јакнењето на политичкиот дијалог со партнерите и натамошно јакнење на нивното инволвирање во планирањето, извршувањето и надгледувањето на активностите во коишто тие учествуваат.

Во Прага се воведе еден нов механизам за соработка - Партнерскиот акционен план. Партнерскиот акционен план против тероризмот беше првиот кој е направен *(погледни на стр. 15)*. Друга иницијатива беше Индивидуалниот партнерски акционен план (ИПАП), со кој, наместо влечење од менито на активности, и се овозможува на самата Алијанса да ја скрои својата помош на заинтересираните земји-партнери коишто ќе побараат поструктуирана поддршка за нивните домашни реформи особено во полето на одбраната и безбедноста, во согласност со нивните конкретни потреби и околности *(погледни во квадратот)*.

Дополнителни чекори беа преземени на самитот во Истанбул во јуни 2004 г. надоврзувајќи се на напредокот од Прага, за јакнење на евроатлантското Партнерство и за негово натамошно прилагодување во насока на работа на некои од клучните прашања и осврнување на поединечните потреби и капацитети на партнерите. Беше започнат Партнерскиот акционен план за изградба на одбранбена институција за поттикнување и поддршка на партнерите за изградба на ефикасни и демократски одговорни одбранбени институции *(погледни на стр. 24)*.

Можностите за партнерите да ги зголемат своите придонеси кон операциите предводени од НАТО ќе бидат зголемени преку порано инволвирање на земјите кои даваат трупи во процесот на донесувањето на одлуките и преку обезбедување повеќе можности за политички консултации. Понатаму, Концептот на оперативни капацитети ќе се зајакне и на партнерите ќе им се понуди можност за претставување во Сојузничката команда за трансформации која е одговорна за унапредување и надгледување на постојаната трансформација на сојузничките сили и капацитети. Со ова ќе се помогне унапредувањето на поголема воена интероперабилност меѓу силите на НАТО и оние на земјите-партнери и на трансформацијата на одбраната во зачувувањето на сопствените оперативни улоги и капацитети на НАТО кои се развиваат.

Исто така се донесе и одлука да се стави посебен акцент врз ангажирањето на земјите-партнери во два стратегиско важни региони - Кавказ (Ерменија, Азербејџан и Грузија) и Централна Азија (Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан). НАТО одреди специјален претставник за обата региона како и два офицери за врска. Нивната улога се состои во помагањето и давањето совети при имплементирањето на важните аспекти на Индивидуалните партнерски акциони планови, кога тоа е можно, како и Партнерски акциони планови за изградба на одбранбена институција, против тероризмот и соработката која се фокусира на Процесот на планирање и анализа (PARP).

*За повеќе информации:*
*www.nato.int/issues/eapc/index.html*
*www.nato.int/issues/pfp/index.html*

## ИНДИВИДУАЛНИ ПАРТНЕРСКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ

Воведени на самитот во Прага во ноември 2002 г., Индивидуалните партнерски акциони планови (ИПАП) се отворени за земјите кои имаат политичка волја и капацитет да ја продлабочат својата врска со НАТО. Развивани на двогодишна основа, тие планови се направени да ги обединат сите различни механизми на соработка преку кои партнерот е интерактивен со Алијансата, изострувајќи го фокусот на активностите за подобра поддршка на неговите домашни реформски зафати.

ИПАП треба јасно да ги утврди целите и приоритетите на соработка на поединечниот партнер и да овозможи разновидните механизми што се користат директно да одговараат на овие приоритети. НАТО ќе обезбеди совет прилагоден конкретно за земјата, имајќи ги во предвид целите на реформата. Еден интензивиран политички дијалог околу важните прашања може да претставува интегрален дел од процесот на ИПАП. Преку ИПАП исто така ќе биде полесно да се координира билатералната помош обезбедена од одредени сојузници и партнери, како и да се координираат напорите со другите важни меѓународни институции.

Целите кои се покриваат се во општите категории на политички и безбедносни прашања; одбранбени, безбедносни и воени прашања; јавно информирање; наука и животна средина; планирање на вонредни состојби од не-воен карактер; и прашања во врска со административната, заштитната безбедност и прашања во врска со ресурсите.

Во ноември 2004 година Грузија стана првата земја што има ИПАП со НАТО. Во моментов се подготвува ИПАП и со Азербејџан и со Узбекистан. Ерменија исто така изрази интерес да развие таков план.




> Самитот во Истанбул, во јуни 2004 година, уште повеќе го зајакна Евроатлантското партнерство.

# Безбедносен дијалог и соработка

Како што се менува безбедносното опкружување, така се менува и евроатлантското партнерство за да се справи со дузина безбедносни прашања кои се од критична важност и за сојузниците и за партнерите подеднакво. Се одржуваат редовни размени на гледишта во врска со развојот на безбедносната состојба на Балканот и во Авганистан, каде што се распоредени мировните сили на сојузниците и на партнерите. Постојат иницијативи за унапредување и координација на практичната соработка и размената на експертиза во клучните области како што се борбата против терорoризмот и справување со прашања поврзани со пролиферацијата на оружја на масовно уништување и на мало и лесно оружје.

Многу безбедносни прашања најдобро се третираат преку тесна соработка со соседните земји. ЕАПС и програмата на ПзМ исто така нудат една рамка за промовирање и поддршка на соработката по клучните прашања меѓу земјите-партнери на регионално и подрегионално ниво, посебно во Југоисточна Европа, Кавказ и Централна Азија.

## Борба против тероризмот

Денеска борбата против тероризмот е еден од најголемите приоритети на НАТО. Нападите извршени на 11 септември 2001 г. против Соединетите Американски Држави доведоа до првото воопшто повикување од страна на НАТО на чл. 5 (колективната одбранбена клаузула од основачкиот договор на Алијансата). На состанокот што беше итно свикан следниот ден амбасадорите на НАТО и на земјите-партнери безрезервно ги осудија нападите и се заложија да ги вложат сите можни напори во борбата против тероризмот.

“Ние бевме згрозени од овие варварски акти и ги осудуваме безрезервно. Овие напади беа напад врз нашите заеднички вредности. Нема да дозволиме овие вредности да бидат искомпромитирани од оние кои го следат патот на насилството. Ние се заложивме да ги преземеме сите можни напори во борбата против тероризмот. Ние сме обединети во убедувањето дека идеалите на партнерство и соработка ќе доминираат.”

(Соопштение на ЕАПС, 12 септември 2001 г.)

Солидарноста изразена тој ден од страна на членките на ЕАПС - од Северна Америка и Европа до Централна Азија - соработката која од тоа време се манифестираше во кампањата против теророзмот, покажуваат како партнерските иницијативи на НАТО го посадиле семето на една вистинска евроатлантска безбедносна култура.

Заедничката одлучност да се обединат силите против заканата на тероризмот доби конкретна поддршка во започнувањето на Партнерскиот акционен план против тероризмот на самитот во Прага. Овој Акционен план дава рамка за соработка и споделување на стручноста во оваа област преку политички консултации и практични мерки. Тој води кон подобро споделување на разузнавачките информации и соработка во области како што се пограничната безбедност, обука и вежби релевантни за тероризмот, и развивање на капацитети за одбрана од терористички напади или пак за справување со последиците од таков напад *(погледни на стр. 32)*. Со него исто така се промовира и работа за обезбедување на физичка безбедност и безбедно уништување на вишоците на муниција и на мало и лесно оружје, како што се рачни лансери на ракети и гранати.

## Справување со пролиферацијата

### Оружје за масовно уништување

Спротивставувањето на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување (ОМУ) е еден од клучните безбедносни предизвици на 21-виот век. Посебна улога има дијалогот на НАТО со партнерите во постигнување на целите на Алијансата за спречување на пролиферацијата. Довербата и верувањето се потребните услови за напорите за спречување на пролиферацијата да успеат и можат да се остварат само преку отвореност и транспарентност.

Преку консултации со партнерите, Алијансата се стреми да го зголеми взаемното разбирање и споделувањето на информации за прашања поврзани со пролиферацијата. Таквите консултации, кои се занимаваат и со политичките и одбранбените напори и ги вклучуваат министерите за надворешни работи и за одбрана, обично придонесуваат кон градењето доверба. Понатаму, неколку земји-партнери имаат богато искуство во однос на подготвеноста за несреќи предизвикани од ОМУ и затоа можат многу да придонесат и да ги зајакнат заедничките напори во оваа сфера.

Неколку семинари и работилници третираа конкретни прашања. Предмет на детални дискусии беа „Антраксот - научените лекции“ со кое се идентификуваа некои од клучните точки за планирање за несреќи од ваков вид што се резултат од искуството од есента 2001 г. во Соединетите Американски Држави и на други места. Друга тема беа проблемите поврзани со индустриските опасности по животната средина и други медицинско-оперативни предизвици.



> Пролиферацијата на оружја за масовно уништување претставува сериозен безбедносен предизвик во 21-виот век.

Работилници на ЕАПС за потенцијалните ризици поврзани со биолошкото и хемиско оружје им овозможија на партнерите да разменат информации и да создадат најдобри пракси. Истражувањето и развојот на новите капацитети и опрема дизајнирани за заштита против агенси на ОМУ се разгледуваат, така олеснувајќи го разбирањето кои се најдобрите начини да се подигне нивото на севкупната подготвеност.

Експерти за разоружување од НАТО и од земјите-партнери имаа можности да разговараат за политичките и разузнавачките аспекти на пролиферацијата на ОМУ. Консултациите се фокусираа на некои од главните тенденции во пролиферацијата и вклучија презентации од земји кои не се членки на ЕАПС (како Кина, Јапонија, Израел, Јужна Кореја) за регионалните перспективи. Партнерите разменија информации за праксата на контрола на извозот и за имплементација на неодамнешните иницијативи против пролиферацијата, како што е Резолуцијата 1540 на Советот за безбедност на Обединетите нации.

Членките на Алијансата исто така ги информираа партнерите за активностите на НАТО во конкретната област на хемиската, биолошката, радиолошката и нуклеарната (ХБРН) одбрана, особено за создавањето и распоредувањето на Одбранбениот ХБРН баталјон на НАТО.

## Активности против мините и малото оружје

Опасностите од ширењето на евтино и индискриминативно оружје влегоа во фокусот на растечката меѓународна загриженост. Малото оружје кое лесно може да се набави и лесно да се користи помага во разгорувањето и продолжувањето на вооружените конфликти. Цивилите се многу почесто цели и жртви на зголеменото насилство. Според Обединетите нации и други извори, од четирите милиони жртви од војни во деведесеттите години од минатот век, 90% биле цивили и 80% од нив биле жени и деца. Се проценува дека има над 500 милиони парчиња мало и лесно оружје во светот - доволно за еден на секои 12 луѓе. Тие се причина за преку 1.000 смртни случаи секој ден. Во однос на противпешадиските мини, се проценува дека вкупно има закопано во земја околу 100 милиони парчиња ширум светот. Во просек, една мина експлодира на секои 22 минути, од што секоја година има 26.000 убиени или осакатени жртви.

Започнати се мултилатерални иницијативи на глобално, регионално и локално ниво за да се спречи пролиферацијата на малото оружје и да се работи на потребата од хуманитарни активности во борбата против употребата на мини. НАТО и земјите-партнери се обидуваат да ги надополнат овие напори преку

> Ширењето на малото и лесно оружје сè повеќе ја загрижува меѓународната јавност.



подготовка на политичко-воената експертиза на Партнерството да се носи со овие предизвици во евроатлантската област.

ЕАПС формира Ад хок работна група за мало и лесно оружје и за акција против мините како форум за размена на информации за најдобрите начини на контрола на трансферот на таквото оружје, на пример, преку национални извозни контроли и механизми за спроведување. Исто така програмата на ПзМ се обидува да промовира обука во управувањето со резервите и безбедното складирање, депонирањето и уништувањето на вишоците, како и собирање на оружјето и негово уништување во текот на мировните операции. Понатаму, на барање, се обезбедува соодветно прилагодена помош на поединечни земји.

Проблемот на мините се третира во истата работна група како и преку програмата на ПзМ. Семинарите и работилниците се фокусираа на конкретните аспекти на проблемот. Уште повеќе, иако Службите за акција против мините на Обединетите нации ја носат главната одговорност за хуманитарното деминирање на теренот, НАТО и партнерските трупи распоредени како дел од мировните операции на Балканот и во Авганистан редовно им помагаат на цивилните организации во хуманитарните деминирања. На Балканот, 26 милиони квадратни метри се исчистени од мини, а во Авганистан, силите на ISAF помогнаа во деминирањето на Кабулскиот меѓународен аеродром и на други места низ целата област предмет на нивните операции.

Механизам на Фондот на ПзМ (*погледни на стр. 28*) беше формиран во 2000 г. за да се канализираат средства од земјите-донатори во поддршка на уништувањето на противпешадиските мини. Над 2 милиони противпешадиски мини беа уништени заклучно со декември 2004 г. а дополнителни проекти се предвидени за во иднина. Оттогаш доменот на политиката на Фондот се прошири и во насока на уништување на вишокот на муниција и на малото и лесно оружје.

> Хуманитарните напори за деминирање честопати се поддржани од НАТО и од партнерските мировници.






## НАТО ЗЕМЈИ

- Белгија (1)
- Бугарија (2)
- Канада (3)
- Чешка (4)
- Данска (5)
- Естонија (6)
- Франција (7)
- Германија (8)
- Грција (9)
- Унгарија (10)
- Исланд (11)
- Италија (12)
- Летонија (13)
- Литванија (14)
- Луксембург (15)
- Холандија (16)
- Норвешка (17)
- Полска (18)
- Португалија (19)
- Романија (20)
- Словачка (21)
- Словенија (22)
- Шпанија (23)
- Турција (24)
- Обединетото Кралство (25)
- Соединетите Американски Држави (26)




## ЗЕМЈИ-ПАРТНЕРИ

Албанија (27)
Ерменија (28)
Австрија (29)
Азербејџан (30)
Белорусија (31)
Хрватска (32)
Финска (33)
Грузија (34)
Ирска (35)
Казахстан (36)
Киргистан (37)
Молдавија (38)
Русија (39)
Шведска (40)
Швајцарија (41)
Таџикистан (42)
поранешната југословенска Република Македонија* (43)
Туркменистан (44)
Украина (45)
Узбекистан (46)

* Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име

# Операции за поддршка на мирот

> Земјите-партнери даваат важен придонес во рамките на Меѓународните безбедносни сили за помош во Авганистан.



© Фински одбранбени сили

Земјите-партнери играа критична улога во мировните операции на Балканот предводени од НАТО и сега исто така даваат битен придонес на мисијата на НАТО во Авганистан. Учеството на земјите-партнери во овие операции ја зголемува безбедноста во евроатлантската област и пошироко. Со тоа се овозможува партнерските сили да се здобијат со практично искуство работејќи заедно со сојузничките сили за да им помогнат во повторното воспоставување на стабилноста во кризните области. Тоа исто така им помага да се олесни товарот на членките на Алијансата од мултиплицирањето на мисиите. Понатаму, учеството на партнерите во операции предводени од НАТО го нагласува широкиот меѓународен консензус да се помогне во справувањето со кризите и да се спречи ширењето на нестабилноста.

Војници од многу земји-партнери веќе се навикнаа да работат рамо до рамо со војниците од НАТО, учејќи така како Алијансата работи во сложени и тешки околности. Овој, повеќе од кој било друг поединечен фактор, беше критичен за подобрување на односите и за градење на доверба и разбирање помеѓу воените сили, кои сè до крајот на Студената војна формираа непријателски сојузи што се конфронтираа ширум поделениот континент. Денес НАТО и земјите-партнери соработуваат на терен соочувајќи се со предизвиците на 21-виот век.

## Мисијата во Авганистан

НАТО ги предводи Меѓународните безбедносни сили за помош (ISAF) во Авганистан од август 2003 г. Мисијата на овие сили со мандат на ООН е да им помогне на властите во Авганистан во напорите да се воспостави мир и стабилност во земјата која се опоравува од дваесетте години на граѓанска војна и да се спречи таа да се користи повторно како база за терористи.

Првобитниот мандат ги ограничи операциите на ISAF само на Кабул и на околните области, но од тоа време тие се проширија и надвор од главниот глад под нов маднат на ООН. Присуството на ISAF постепено се прошири на северот од земјата преку формирање на Покраински тимови за реконструкција (ПТР) - тимови составени од цивилен и воен персонал кој работи во покраините за да се прошири владеењето на централната власт и да се олесни развојот и обновата. Во есента 2004 г. се извршија подготовки за натамошно проширување во регионите западно од Кабул. Понатаму, дополнителни трупи беа распоредени за осум недели како поддршка на изборниот процес пред и за време на претседателските избори во октомври 2004 г.

Во септември 2004 г. десет земји-партнери учествуваа во ISAF, некои обезбедувајќи важни специјализирани сили како воената

полиција и тимовите за деминирање. Уште повеќе, земјите-партнери во Централна Азија помагаат при обезбедувањето на логистичките набавки за силите на ISAF затоа што опремата мора да помине низ неколку земји-партнери пред да стаса во Авганистан. Односите формирани преку Партнерството за мир ја поставија основата за сојузниците да склучат билатерални договори за транзит на материјали низ овие држави и за формирање на бази за силите и материјалите на нивната територија. На пример, Германија и Узбекистан склучија формален договор за употребата на воениот аеродром во Термез, во близина на границата со Авганистан, за да се помогне во обезбедувањето на воздушен мост за Кабул и за северните делови на Авганистан; договорот помеѓу Холандија и Киргистан им дозволува на холандските авиони-ловци Ф-16 да оперираат од аеродромот во Бишкек; а Франција има сличен договор со Таџикистан како резултат на кој Франција има свој логистички центар во Душанбеј. Поради разновидниот етнички состав во Авганистан, неколку партнери од Централна Азија исто така имаат влијание врз важните локални актери што може да се искористи во поддршка на целите на ISAF.

Видот на помошта што ја обезбедуваат партнерите за ISAF, операција којашто е далеку од традиционалниот периметар на НАТО, е една од причините зошто Партнерството е толку важно за Алијансата.

## Операциите на Балканот

Од самиот момент на првичното распоредување на првата мировна мисија на НАТО во Босна и Херцеговина, земјите-партнери имаат интегрален удел во мировните операции предводени од НАТО на Балканот. Со време, дури 10% од трупите кои учествуваат во мировната операција предводена од НАТО во Босна и Херцеговина и 18% од мировните трупи кои ги сочинуваат Силите за Косово (KFOR) доаѓаат од земјите-партнери и од други земји надвор од НАТО.

### Босна и Херцеговина

Трупи од 14 земји-партнери беа дел од Силите за имплементација (IFOR) кои беа распоредени во Босна и Херцеговина, по потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор на 14 декември 1995 г. Со мандат од Обединетите нации да ги спроведува воените аспекти од мировниот договор, мисијата на IFOR беше да се стави крај на непријателствата; да се раздвојат завојуваните сили на новосоздадените ентитети (Федерацијата на Босна и Херцеговина и на Република Српска) во земјата уништена од војна; и да се изврши трансфер на територија меѓу двете територии.

IFOR беше заменет во декември 1996 г. со помалите Сили за стабилизација (SFOR). Мисијата на SFOR, покрај одвраќањето од обнова на непријателствата и унапредување на клима во која мировниот процес ќе можеше да се движи напред, беше проширена да содржи и поддршка за цивилни агенции инволвирани




> Шведски мировник од СФОР и неговото куче проверуваат дали има мини на теренот.

во напорите на меѓународната заедница за градење на траен мир во земјата. Мировните трупи им помагаа на бегалците и на раселените лица да се вратат дома и придонесоа во реформирањето на босанските воени сили. Како што безбедносната ситуација постепено се подобрувашe, бројот на мировни трупи во земјата прогресивно беше намален од 60.000 трупи кои беа првобитно распоредени, на околу 7.000 во 2004 г.

Операцијата во Босна и Херцеговина, предводена од НАТО, заврши во 2004 г., кога одговорноста за одржување на безбедноста беше предадена на мисијата што следеше предводена од Европската унија. Успешното исполнување на мисијата на SFOR ја покажува мудроста од преземање на широка, долгорочна перспектива во однос на чувањето на мирот и обновата. Тоа е исто така и оправдување за трпеливоста и упорноста која беше покажана од страна на сојузниците и земјите-партнери низ целиот Балкан во текот на претходната деценија и која тие и понатаму ја покажуваат во однос на Косово.

Крајот на SFOR не значеше и крај на ангажманот на НАТО во Босна и Херцеговина. НАТО го задржа својот воен штаб во земјата кој се фокусира на обезбедување помош за босанските власти во реформите во одбраната и во подготовката на земјата за влез во ПзМ. НАТО исто така работи и на борбата против тероризмот, фаќање на лица обвинети за воени злосторства и собирање на разузнавачки информации.

### Косово

Мировни сили предводени од НАТО беа распоредени во српската покраина Косово, по воздушна кампања што траеше 78 дена против цели во Сојузната Република Југославија што го натера режимот на Милошевиќ да се сложи со барањата на меѓународната заедница и да ги повлече српските сили од Косово, за да се стави крај на насилната репресија против етничките Албанци и да им се дозволи на бегалците да се вратат дома.

Склучувањето на Воениот технички договор меѓу НАТО и југословенските команданти овозможи распоредувањето на Силите за Косово (KFOR) да се изврши во покраината во јуни 1999 г. под мандат на ООН. Тие имаат мисија да го спречат обновеното непријателство, да обезбедат безбедна средина и да дадат поддршка на меѓународните хуманитарни напори и на работата на Преодната администрација на ООН во Косово (UNMIK).

Во својот најсилен состав, првичното распоредување на KFOR се состоеше од околу 43.000 трупи. Прогресивното намалување на трупите ја намали за повеќе од половина оваа бројка. Во октомври 2004 г. силите од 18.000 војници беа составени воглавно од земји-членки на НАТО, девет земји-партнери и две други земји надвор од НАТО, т.е. Аргентина и Мароко.

KFOR, во тесна соработка со UNMIK, помага во изградбата на безбедна средина во Косово каде развојот на демократијата може да се поттикне со меѓународна помош. Во тек е цивилната обнова, а мерките за безбедност и нормален живот се обновени во покраината. Сепак, како што се покажа во март 2004 г. со изливот на меѓуетничко насилство, сè-уште остануваат големи предизвици и затоа има постојана потреба од значително воено присуство во Косово.

## Заедничко работење

Една од главните цели на Партнерството за мир е развивање на силите на земјата-партнер така што тие ќе можат да работат заедно со силите на НАТО во мировните активности *(погледни исто така на стр. 10-11)*. Билатералните програми и воените вежби им помагаат на земјите-партнери да развиваат сили со капацитет за учество во мировните активности заедно со силите на НАТО. Од голема важност е учењето на јазик што го зборуваат сите - англискиот, и развивањето операбилност. Сè повеќе, нивните воени сили се прилагодуваат на оперативните норми на Алијансата за да се постигне ефикасност на теренот и истите усвојуваат постапки и системи кои се компатибилни со оние коишто ги користи НАТО. Концептот на оперативните капацитети има главна улога во оваа смисла. Координативната ќелија на Партнерството, основана при SHAPE во 1994 г., дава поддршка на стратегиските команди на НАТО при координирањето на обуката и вежбите на ПзМ.

Учеството на партнерите и на други земји што не се членки на НАТО во мировните операции предводени од НАТО се води преку Политичко-воената рамка. Ова е помогнато од Меѓународниот координативен центар формиран при SHAPE во октомври 1995 г. за да обезбедат можности за информирање и планирање за сите земји што не се членки на НАТО а коишто обезбедуваат трупи. Поединечното учество на разните држави подлежи на финансиски и технички договор што се изработува меѓу секоја земја која обезбедува трупи и НАТО откако ќе се процени предложениот придонес. Секоја земја-партнер презема одговорност за распоредувањето на нејзините контингенти и за обезбедување на потребната поддршка за нивното ефикасно функционирање. Во некои случаи, се обезбедува поддршка на билатерална основа од страна на земја-членка на НАТО.

Иако повеќето земји што не се членки на НАТО а коишто обезбедуваат трупи за мировните операции предводени од НАТО се членки на програмата на ПзМ и доаѓаат од Европа, неколку земји се од другите континенти а некои немаат и формални односи со Алијансата. Од Јужна Америка, Аргентина обезбедуваше мировни сили и за SFOR и за KFOR, а Чиле исто така обезбедуваше за SFOR. Јордан и Мароко, од земјите на Медитеранскиот дијалог на НАТО, обезбедуваа мировни сили за SFOR и KFOR, а египетски сили беа дел од силите предводени од НАТО во Босна и Херцеговина. Една друга арапска земја - Обединетите Арапски Емирати, исто така обезбеди голем контингент за KFOR. Од Југоисточна Азија, Малезија обезбеди трупи за IFOR и SFOR. И како дел од програмата на размена со Обединетото Кралство, австралиски и новозеландски војници беа испратени од страна на нивните земји да бидат дел од мировните трупи на Балканот. Мал тим од Новозеланѓани исто така служат како дел од ISAF.



### Руски мировни сили

Повеќе од седум години, до моментот на нејзиното повлекување од SFOR и од KFOR во летото 2003 г., Русија го обезбедуваше најголемиот контингент на мировните сили на Балканот како земја што не е членка на НАТО, при што руските војници работеа рамо да рамо со другите сојузници и партнери во поддршка на напорите на меѓународната заедница за градење трајна безбедност и стабилност во регионот.

Руските мировни сили за првпат беа распоредени во Босна и Херцеговина во јануари 1996 г. кога беа дел од мултинационалната бригада во северниот сектор, извршувајќи дневни патроли и безбедносни контроли и помагајќи во обновата и хуманитарните задачи. Руските трупи, по важната дипломатска улога да се стави крај на косовскиот судир и покрај разликите во однос на воздушната кампања на НАТО од 1999 г., се распоредија на Косово во јуни 1999 г.; тука тие оперираа како дел од мултинационалните бригади на исток, север и југ од покраината, во користењето на аеродромот во Приштина и во обезбедување на медицински услуги.

# Реформи во одбраната

Со крајот на Студената војна, заканата од судир помеѓу Исток и Запад исчезна. Огромни армии и резерви на оружје и муниција повеќе не беа потребни. Многу луѓе очекуваа мировна дивиденда како резултат од намалените трошоци за одбрана. Но, спроведувањето на реформите во одбраната не е ниту евтино ниту лесно. Понатаму, НАТО и земјите-партнери наскоро се соочија со нови безбедносни предизвици и со императивот да ги прилагодат своите воени сили на променетото безбедносно опкружување, кое неизбежно ќе има економски последици.

Земјите-членки на НАТО постепено го намалуваа својот воен персонал, опрема и бази така трансформирајќи ги своите сили за да можат подобро да одговорат на одбранбените потреби на денешницата. Многу земји-партнери кои штотуку го започнуваат овој долг и тежок процес, честопати немаат доволно ресурси и експертиза. Тие се соочуваат со тешката задача на преструктуирање и преквалификација на воените сили кои порано биле дел од високо милитаризирано опкружување а сега повеќе не се исплатливи или не се соодветни во контекст на демократската промена. Во трансформацијата на нивните армии, клучен приоритет е развивањето капацитети што ќе им овозможи да придонесат во справувањето со кризите и мировните операции во евроатлантската област. Друг важен аспект на реформите во одбраната е соодветно справување со нивните последици.

Еден од најважните придонеси на Партнерството за мир беше Процесот на планирање и анализа (PARP, *погледни на стр. 11)* со неговите механизми за утврдување на целите и анализата, надополнети со програмите коишто на билатерално ниво се развиваат меѓу НАТО и поединечните земји-партнери; ова пак им помага на земјите од НАТО и партнерите од Западна Европа да споделуваат експертиза и да даваат помош во решавањето на широките концептуални и практични проблеми на реформите во одбраната.

## Унапредување на сеопфатните реформи во одбраната

### Градење на ефективни институции

Ефективни и ефикасни државни одбранбени институции под цивилна и демократска контрола се фундаментални за стабилноста во евроатлантската област, и се суштински за меѓународната безбедносна соработка. Како потврда на ова, на самитот во Истанбул во јуни 2004 г. беше започнат нов Партнерски акционен план за изградба на одбранбена институција, одобрен од страна на шефовите на држави и влади на земјите од ЕАПС.

Целта на новиот механизам е да се зајакнат напорите на земјите-партнери да иницираат и продолжат со реформите и преструктуирањето на одбранбените институции за исполнување на домашните потреби и на меѓународните заложби. Тој ги дефинира заедничките цели на партнерската работа во оваа област, охрабрува размена на релевантно искуство и се фокусира на билатерални програми за помош во одбраната и безбедноста.

Целите на Акциониот план се: ефикасни и транспарентни напори за демократска контрола на одбранбени активности; цивилно учество во развивање одбранбена и безбедносна политика; ефикасно и транспарентно законодавство и судски надзор над одбранбениот сектор; зголемено проценување на безбедносните ризици и на националните одбранбени барања, поврзано со развивање и одржување на одржливи и интероперабилни капацитети; оптимизирање на управувањето со министерствата за одбрана и другите слични агенции коишто имаат меѓусебно поврзани структури на силите; придржување кон меѓународните норми и пракси во одбранбениот сектор, вклучително и контрола на извозот; ефикасни и транспарентни финансиски, плански и процедури за распоредување на ресурсите во одбранбениот сектор; ефикасно управување со трошоците за одбрана како и со социо-економските последици од преструктуирањето во одбраната; ефикасни и транспарентни кадровски структури и пракси во рамките на одбранбените сили; и ефикасна меѓународна соработка и добрососедски односи по прашањата на одбраната и безбедноста.

ќе постои максимално искористување на постоечките алатки и механизми на ЕАПС и на ПзМ во рамките на имплементацијата на Акциониот план. Процесот на планирање и анализа (PARP) ќе биде главен инструмент за имплементирање на целите на Акциониот план и ќе биде усогласен за да ја исполни оваа улога. Ефикасната имплементација има потреба од развивање на заедничко разбирање на стандардите и концептите кои се однесуваат на одбраната, нејзиното управување и реформи. За да се постигне оваа „концептуална“ интерперабилност, потребни се поголеми инвестиции во образованието и поголеми напори за споделување на релевантното знаење и искуство меѓу сојузниците и партнерите.

## Практичен пример: Украина

Програмата на соработка којашто НАТО ја развива со Украина во областа на реформите во одбраната е пообемна отколку со која било друга земја-патнер. Таа покажува широк опсег на активности на соработка коишто им се достапни на земјите-партнери во оваа област.

Кога Украина објави независност во 1991 г., таа наследи делови од воената структура и воените сили од поранешниот Советски Сојуз. Украина побара од НАТО поддршка за помош во трансформирањето на нејзиното наследство од Студената војна во една помала, модерна и поефикасна сила, која е кадра да одговори на новите безбедносни потреби на земјата, како и да ја поддржи одбраната улога на Украина како некој што активно придонесува кон европската стабилност и безбедност. Приоритетите за НАТО во овој напор се јакнење на демократската и цивилна контрола врз воените сили на Украина и подобрување на нивната интероперабилност со силите на НАТО.

Откако стана членка на Партнерството за мир во 1994 г., зголемените контакти и соработка со НАТО и овозможија на Украина да добива совети и практична помош. Соработката стана поинтензивна со потпишувањето на Повелбата за дистинктивно партнерство меѓу НАТО и Украина во 1997 г. По една година беше формирана Здружена работна група за реформи во одбраната за да се олеснат консултациите и практичната соработка по прашањата што се однесуваа на реформите во секторот на одбраната и безбедноста. Во април 1999 г., се отвори Канцеларија за врски на НАТО во Киев како поддршка на овие напори за реформи во одбраната.

Учеството во Партнертвото за мир е од корист за реформските напори на Украина и на нејзината намера да ја подобри интероперабилноста. Особено важен е механизмот на PARP поради фактот што тој помогна да се идентификуваат клучните барања за целите на планирањето на одбраната. Клучен елемент беше техничката помош и советите во насока на анализа на одбраната, што и помогна на Украина да го направи својот план за реформите во одбраната. Една анализа на одбраната е сложен, објективен, аналитички процес кој има за цел да ги идентификува потребите на одбраната на земјата засновани врз нејзината национална безбедносна политика; со него се сака да се избалансираат овие барања против достапните ресурси; и тој произведува предлози за силите и капацитетите за да се добие најдоброто што парите на даночните обврзници можат да го купат.

> Претседателот на Воениот комитет на НАТО (во центар) во посета на Киев, Украина, во февруари 2004 година, за да ги разгледа напредокот во рамките на воената соработка и реформите во одбраната.



Резултатите од анализата обезбедуваат концептуална рамка за натамошна реформа којашто по дефиниција, ќе бара трајни напори подолго време.

Другите клучни аспекти на соработката ја вклучуваат помошта за Украина за да создаде нов безбедносен концепт и воена доктрина, поефикасно и транспарентно буџетирање и планирање на одбраната, и засилени односи меѓу цивилите и армијата, вклучувајќи и поголема улога на цивилите во украинските одбранбени структури. Напорите на Украина за преструктуирање и трансформација исто така се поддржуваат преку структурирани совети за намалувањето на армијата и пренасочување и професионализација на воените сили, и за формирање на сили за брза интервенција. Активностите не се ограничени само на војската или на министерството за одбрана, туку покриваат и поддршка за украинските погранични единици во рамките на министерството за внатрешни работи.

Обуката и образованието се клучни елементи во процесот на трансформација на одбраната. Високи украински функционери редовно посетуваат курсеви достапни за земјите-партнери на Колеџот за одбрана на НАТО во Рим, Италија, и во Школата на НАТО во Оберамергау, Германија. Воениот персонал исто така непосредно собира искуство преку соработката со силите од земјите на НАТО и другите партнери во рамките на широк обем на активности и воени вежби.

За да и се помогне на Украина во справувањето со последиците од реформите во одбраната, НАТО финансира и имплементира курсеви по јазици и менаџмент во соработка со Националниот координативен центар на Украина, кој е одговорен за социјалното прилагодување на отпуштените војници и офицери. Дополнително, помошта од поединечните сојузници за проекти за демилитаризација се канализира преку механизмите на Фондот на ПзМ *(погледни на стр. 28)*.

## Справување со последиците од реформите во одбраната

При започнувањето на реформите во одбраната, важно е да се направат адекватни чекори на самиот почеток за да можеме да се справиме со нивните последици и да се намалат какви било негативни последици. На воените лица коишто ја изгубиле својата работа треба да им се помогне при интеграцијата во цивилниот живот. Затворањето на воените бази може да има сериозни последици по локалните заедници и економии, така што потребни се планови за повторен развој на местата. Складиштата на вишок или на застарено оружје и муниција претставуваат сериозни безбедносни ризици и опасности по животната средина, и затоа мора да бидат уништени на безбеден начин.
НАТО има низа иницијативи со цел да обезбеди совет и експертиза за земјите-партнери на ова поле. Иако НАТО може да обезбеди само ограничено финансирање на проекти и програми, сепак настојува да помогне во обезбедувањето на дополнителни средства, преку соработка и споделување на информациите со другите меѓународни институции и невладини организации, како и со поединечните земји кои се подготвени да понудат билатерална помош.

### Преквалификација на војниците

Над пет милиони воени лица се отпуштени од воените сили на земјите-партнери по завршетокот на Студената војна. Постои итна потреба да се обезбедат можности за преквалификација и алтернативно вработување. Во почетокот на 2000 г., НАТО понуди да им помогне на земјите-партнери во нивните напори да се преквалификува воениот персонал и да се олесни неговата реинтеграција во цивилниот живот.

Беше формиран еден тим на експерти од НАТО за да им понуди на државните власти совети, анализи и насоки за политиките и програмите на кадровска преквалификација. Активностите кои се поддржуваат вклучуваат советување на воениот персонал кој наскоро требаше да биде отпуштен од армијата, за тоа како да најдат работа или да започнат бизнис, курсеви по странски јазици, и основање на центри за преквалификација.

Во Југоисточна Европа, каде се очекува затворање на 3.000 воени локации и бази и се проценува дека до 2010 г., 175.000 луѓе ќе го загубат своето работно место, постои значителен интерес за таквите програми. Романија и Бугарија - сè-уште земји-партнери во тоа време - станаа првите земји коишто го искористија овој вид на помош; до 2004 г., околу 20.000 офицери во секоја од овие земји имаа посетувано програми за преквалификација. Албанија, поранешната југословенска Република Македонија* и Србија и Црна Гора истражуваат можности за соработка со НАТО во оваа област. Исто така, НАТО поддржува и иницијативи за преквалификација во Русија и во Украина.



### Поддршка на отпуштениот персонал

Ставен во функција уште од март 2002 г., Центарот на НАТО и Русија за прераспоредување на отпуштените воени лица помага во решавањето на социјалните аспекти од намалувањето на руската армија со обезбедување на отпуштениот воен персонал низ цела Русија со место за контакт за помош заради преквалификација и реинтеграција. Центарот, со седиште во Москва, ги прошири своите активности во регионите., отварајќи локални канцеларии во Јарослав, Петроград, Чита, Перм, Калининград и Ростов на Дон.

Центарот отвори веб страници за да понуди практични информации за преквалификација и можности за вработување, како и совети за започнување на мали бизниси. Центарот нуди непосредни курсеви за обука, обучува специјалисти за прераспоредување, и организира конференции за размена на информации по овие прашања. Веќе во своите први 18 месеци на работа, Центарот обучи 210 инструктори кои сега се ангажирани во активности за прераспоредување и иницира обука на околу 200 луѓе во области како што се информатика, менаџмент и сметководство.

## Пренамена на воените бази

Со иницијативата на НАТО за пренамена на воени локации во Југоисточна Европа, експертски тим од НАТО нуди совети и препораки да им се помогне на државните власти да изнајдат нова попродуктивна употреба за воените бази коишто треба да се пренаменат за цивилно користење. Иницијативата исто така има за цел унапредување на регионалната соработка и споделување на информациите меѓу земјите-учеснички, што вклучува неколку партнери и две нови членки на НАТО: Албанија, Бугарија, Хрватска, Молдавија, Романија, Србија и Црна Гора и поранешната југословенска Република Македонија*.

Неколку пилот-проекти помагаат во развојот на стратешки пристап кон затворањето на воените бази и пренамена на локациите. Клучните елементи се да се обезбеди чистење на просторот и промовирање на создавање работни места и зголемување на разновидноста на локалните стопанства во областите каде воените бази биле единствениот работодавач. Некои бази се пренаменуваат, на пример, за домување, образовни установи, здравствени центри, затвори, или пак за паркови и површини за заштита на дивиот свет.

## Уништување на мини, муниција и оружје

Фондовите на ПзМ (*погледни во квадратот на стр. 28*) им помагаат на земјите-партнери при безбедното уништување на складираниот вишок од противпешадиски мини, муниција и мало и лесно оружје. Со одредени земји се развиваат поединечно прилагодени проекти со цел процесот на уништување да биде безбеден, да не е штетен по животната средина и во согласност со меѓународните стандарди. По можност, проектите имаат за цел да користат локални ресурси и капацитети за да се намалат работните трошоци како и да се обучуваат локалните луѓе во процесот на уништување, така помагајќи да се отворат нови работни места и да се научат нови вештини.

Заклучно со почетокот на 2005 г., околу 1,6 милиони противпешадиски мини беа успешно уништени во Албанија; 12.000 мини и 7.000 тони на вишок муниција и ракетно гориво беа уништени во Молдавија; 400.000 противпешадиски мини беа уништени во Украина; 1.200 мини беа уништени во Таџикистан; и над 300 ракети беа демонтирани во Грузија. Во иднина проекти а демилитаризација се предвидени во Албанија, Азербејџан, Белорусија, Србија и Црна Гора, и Украина.

## ФОНДОВИТЕ НА ПАРТНЕРСТВОТО ЗА МИР

Политиката на Фондовите на ПзМ првобитно беше утврдена во септември 2000 г. како механизам за помош на земјите-партнери при безбедното уништување на разервите на противпешадиските мини. Со овој начин се сакаше да се даде поддршка на земјите-потписнички во имплементацијата на Конвенцијата од Отава за забрана на употреба, складирање, производство и пренос на противпешадиски мини и нивното уништување.

Надоградувајќи се на успехот на неколку проекти за уништување на мини, обемот на Фондот се прошири со вклучување на други проекти за демилитаризација кои имаат за цел уништување на муницијата и на малото и лесно оружје. Неодамна, употребата на Фондот се прошири за поддршка на земјите-партнери во справување со последиците од реформите во одбраната преку иницијативи како преквалификација и пренамена на воените бази. Фондовите може исто така да се формираат и во корист на земјите од Медитеранскиот дијалог.

Во рамките на овој Фонд, членките на НАТО работат со одредени земји-партнери во идентификацијата и имплементацијата на конкретни проекти. Во секој случај, НАТО или земјата-партнер го презема спонзорирањето и развивањето на предлог-проектот како и идентификувањето на можните кандидати коишто би го поддржале овој процес. Земјата-партнер која има директна корист од проектот, се очекува да земе активен удел во оваа работа и да обезбеди максимална поддршка во рамките на нејзините можности. Ескперите од НАТО обезбедуваат совети и насоки.

Финансирањето се обезбедува од страна на земји-членка на НАТО и земјите-партнери на доброволна основа. Придонесот исто така може да биде во форма на опрема или со компензација. Агенцијата за одржување и достава на НАТО, со седиште во Луксембург, често служи како извршна агенција за проектите и е одговорна за имплементација на техничките и финансиските аспекти.

*За повеќе информации:*
*www.nato.int/pfp/trust-fund.htm*





**Уништување на застарените ракети**

Околу 300 застарени противавионски ракети беа безбедно уништени во Грузија, благодарение на проект на Фондот на ПзМ што заврши на почеток на 2005 г. Ракети складирани во базите Поничала и Чаладид беа демонтирани, боевите глави беа отстранети и потоа однесени на друга локација и уништени со контролирана експлозија.

Проектот значително ја зголеми безбедноста во областите каде што ракетите беа складирани и исто така спречи загадување на животната средина што ова оружје можеше да го предизвика.

# Подготовка и реакција при елементарни непогоди

Елементарните непогоди, без разлика дали се предизвикани од човек или пак од природата, може да се случат во секое време, а секоја земја би можела да се најде во ситуација да мора да се справи со последиците од една катастрофа. Големите вонредни состојби од не-воен карактер исто така носат потенцијални опасности по безбедноста и стабилноста. Иако секоја земја е одговорна за справување со вонредните состојби кои се случуваат на нејзината територија и згрижувањето на жртвите, големината и траењето на елементарната непогода можат да бидат над капацитетот на погодената земја и нејзините последици може да се протегаат доста пошироко од нејзините државни граници. Затоа меѓународната соработка во решавање на вонредните состојби и во јакнење на капацитетите за реакција е важна.

Соработката во однос на подготвеност и реакција при елементарна непогода, што во НАТО се нарекува „планирање за вонредни состојби од не-воен карактер“, се изведува со години меѓу земјите од НАТО. Во 90-тите години од минатиот век таа беше проширена за да ги вклучи и земјите-партнери и ја содржи најголемата не-воена компонента во активностите на Партнерството за мир. Во 1998 г. на предлог на Русија, беше формиран Евроатлантскиот



> Претставници на Црвената полумесечина учествуваат во вежба на Партнерството за мир.

координативен центар за реакција при елементарни непогоди (EADRCC) заради координација на реакциите на земјите од ЕАПС на елементарни непогоди кои се случуваат во евроатлантската област.

## Промовирање на ефикасна координација

Ефикасните реакции на елементарни непогоди повикуваат за координација на превозните средства, медицинските ресурси, комуникациите, капацитетите за реакции при елементарни непогоди и на други цивилни ресурси. Сите земји се одговорни плановите за справување со вонредните состојби да бидат на национално ниво. Сепак, со оглед на можниот прекуграничен карактер на некои елементарни непогоди и потребата да се реагира ефикасно на повиците за меѓународна помош, соработката и планирањето на меѓународно ниво се неопходни.

Соработката меѓу НАТО и земјите-партнери во планирање на вонредни состојби од не-воен карактер вклучува активности како што се семинари, работилници, вежби и курсеви за обука, каде се обединуваат цивилниот и воениот персонал од различни нивоа на локалните, регионалните и националните власти. Исто така важни учесници се и некои други меѓународни организации, како што се Канцеларијата на ООН за координација на хуманитарните прашања и Канцеларијата на високиот комесар за бегалци при ОН (UNHCR), Меѓународната агенција за атомска енергија и Европската унија, како и невладините организации за помош.

Благодарение на изработката на планови за вонредни состојби, содветните постапки и потребната опрема, како и заедничката обука и вежби, НАТО и земјите-партнери беа во можност да ја координираат помошта ефикасно, преку EADRCC при реакцијата на неколку природни непогоди. Тука се поплавите во Албанија, Азербејџан, Чешка, Унгарија, Романија и Украина; земјотресите во Турција; шумските пожари во поранешната југословенска Република Македонија* и Португалија; и големите временски непогоди во Молдавија и Украина.



### Помош при поплави

Минатиот век Западна Украина беше погодена од 13 големи поплави. НАТО и земјите-партнери и помогнаа на Украина по големите поплави во 1995, 1998 и 2001г.

Од 1997 г., во рамките на меморандумот за разбирање во врска со планирање на вонредни состојби од не-воен карактер и подготовка за елементарни непогоди, главната програма на соработка во оваа област беше од непосредна практична корист за Украина. Главниот фокус беше да и се помогне на Украина, чии западни делови се подложни на големи поплави, самата да се подобро подготви за таквите вонредни ситуации и поефикасно да се справува со нивните последици. Вежбите на ПзМ, вклучително и една одржана во Транскарпатскиот регион во Украина во септември 2000 г., помогнаа во тестирањето на постапките за спасување при елементарни непогоди, како вршење на воздушно извидување, евакуирање на жртвите и користење на опрема за пречистување на вода. Понатаму, пилот-проектот што заврши во 2001 г. обедини повеќе од 40 експерти за поплави и вонредни состојби од дванаесет различни земји за да изработат практични препораки за ефикасно предупредување од поплави и систем за реагирање за дренажниот систем на реката Тиса.

## ЕВРОАТЛАНТСКИ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА РЕАКЦИЈА ПРИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Во јуни 1998 година, на предлог од Русија, се формираше Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди (EADRCC) во штабот на НАТО. Центарот, кој работи 24 часа на ден, служи како место за контакт, за споделување на информации и ги координира реакциите помеѓу НАТО и земјите-партнери при елементарни непогоди во евроатлантската област. Тој исто така организира поголеми вежби за вонредни состојби од не-воен карактер, каде се вежбаат реакции во услови на симулирани состојби на природни и човечки елементарни непогоди како и активности за справување со последиците од терористички напад со хемиски, биолошки или радиолошки агенси.

Центарот тесно соработува со меѓународните агенции коишто имаат водечка улога во реакциите на меѓународни елементарни непогоди и во справувањето со последиците – Канцеларијата на ООН за координација на хуманитарните прашања и Организацијата за забрана на хемиските оружја - и други организации.

Земјите се охрабруваат да развиваат билатерални или мулилатерални договори за справување со прашања како што се регулирање на визи, договори за преминување на границите, договори за транзит, царински дозволи, и статусот на персоналот. Со таквите мерки се избегнуваат бирократските задоцнувања во распоредувањето на материјалите и тимовите за помош на вистинската локација на елементарната непогода. Договорите беа исто така направени и за Евроатлантската единица за реакција при елементарни непогоди, која се состои од комбинација од национални елементи што земјите се подготвени итно да ги стават на располагање при елементарна непогода.

*За повеќе информации:*
*www.nato.int/eadrcc/home.htm*

## Помош за бегалците

EADRCC, иако првобитно беше формиран да се справува со природни и технолошки катастрофи, за првпат беше повикан за да помогне во организацијата на помошта за бегалците, кога во 1998 г. порасна загриженоста на меѓународната заедница од можна хуманитарната криза во и околу Косово. До крајот на годината, како резултат на отворениот судир меѓу српските воени и полициски сили и косовските албански сили имаше многу етнички Албанци мртви и натера повеќе од 300.000 лица да ги напуштат своите домови.

EADRCC се вклучи веднаш по неговото формирање во почетокот на јули 1998 г., кога UNHCR побара помош за транспортот на 165 тона итно потребни материјали за помош за бегалците во Албанија. Во следните неколку месеци, како што кризата еволуираше, се формираше ефикасна основа за координација помеѓу EADRCC и UNHCR. Персоналот на EADRCC неколку пати го посети регионот со цел подобро да се запознае со состојбата. Оваа основа помогна да се интензивира и прошири инволвирањето во активностите за помош, кога кризата ескалираше во пролетта 1999 г. со почетокот на воздушните напади од сојузниците и присилното протерување на стотици илјади етнички Албанци од страна на српските сили.

Центарот послужи како место за контакт за споделување на информациите меѓу земјите од ЕАПС и помогна да се координираат реакциите на барањата за помош. Материјали за помош како медицински материјали и опрема, чевли и облека, опрема за телекомуникации и шатори беа испратени за над 20.000 луѓе. EADRCC, исто така, ја канализираше помошта за регионот и од земјите што не беа партнери како Израел, кој обезбеди целосно опремена полска болница со целосен персонал, и Обединетите Арапски Емирати, кои помогнаа да се поправи аеродромот во Кукс во североисточна Албанија.

> Евроатлантскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди ги помогна операциите за помош на бегалците за време на косовската криза.



Авиони, хеликоптери, тимови за карго истовар и логистички совети беа обезбедени како испомош во траснпортот и дистрибуцијата на хуманитарната помош. EADRCC исто така одигра важна улога и во координацијата на приоритетните хуманитарни летови обединувајќи ги клучните актери во полето на управувањето со воздушниот сообраќај за развивање на соодветни постапки и ставајќи ги сите експерти за воздушни летови да работат во рамките на Ќелијата за воздушна координација на ООН.

EADRCC понатаму делуваше како соговорник со други тела на НАТО и надвор од НАТО, во името на двете најпогодени земји со кризата, Албанија и поранешната југословенска Република Македонија,* преку артикулирање и објаснување на конкретните интереси. Од таква природа беше и итната потреба да се утврдат механизми за евакуација во трети земји, за да се делува како хуманитарен сигурносен вентил, со ескалацијата на кризата.

## Подготовка за можни терористички напади

Нападите од 11 септември 2001 г. ја наметнаа итноста од соработката во подготовката за можни терористички напади врз цивилното население со користење на хемиско, биолошко, радиолошко или нуклеарно (ХБРН) оружје. Партнерскиот акционен план против тероризмот *(погледни на стр. 15)* го охрабрува споделувањето на релевантни информации и учество во планирање на вонредни состојби од не-воен карактер за да се проценат ризиците и да се намали ранливоста на цивилните населенија од тероризам и оружје за масовно уништување.

Беше договорен Акционен план за планирање на вонредни состојби од не-воен карактер со цел да им помага на државните власти во подобрувањето на сопствената цивилна подготвеност за можни терористички напади со ХБРН оружје. НАТО и земјите-партнери имаат подготвено и постојано го ажурираат инвентарот на државните капацитети кои би биле достапни во случај на таков напад. Тука се подразбира сé од медицинска помош до радиолошка детекција, од лаборатории за идентификација, до капацитети за воздушна медицинска евакуација. Се развиваат резерви од покритични работи коишто би можеле да бидат потребни. Работата на подобрувањето на постапките за поминувањето на границата има за цел да обезбеди помошта да помине колку што е мошно побрзо при вонредна состојба.

Се развиваат минимум стандардите за обука, планирање и опрема. Се организираат редовни теренски вежби во рамките на Партнерството за мир за да се обезбеди земјите да имаат колку што е можно поефикасна тесна соработка при реакцијата на терористички напад и справувањето со последиците од истиот. Конкретно, ова вклучува подобрување на интероперабилноста на разните тимови коишто би се занимавале со прашањата на медицина и прва помош како и деконтаминација и расчистување. Едно друго клучно прашање кое се испитува е како најдобро да се спроведе јавното информирање во таквите стресни вонредни состојби.



**Вежба „Валкана бомба“**

Вежба со која се симулира меѓународна реакција на терористички напад со “валкана бомба“ (радиолошка распрснувачка направа), беше одржана во октомври 2003 г. во Питешти, Романија (во тоа време земја-партнер). Учествуваа околу 1.300 романски и 350 меѓународни учесници.

# Безбедноста, науката и животната средина

Две посебни програми на НАТО ги обединуваат научниците и експертите од НАТО и земјите-партнери на редовна основа за работа на проблеми од заеднички интерес. Соработката претставува традиција меѓу научниците и потреба за научен напредок. Формираните мрежи исто така се во функција на исполнување на политичката цел на градење разбирање и доверба меѓу заедници коишто доаѓаат од различни култури и традиции.

Програмата Безбедноста низ науката на Научниот комитет на НАТО има за цел да даде придонес кон безбедноста, стабилноста и солидарноста меѓу државите преку примената на науката во решавањето на проблемите. Програмата поддржува соработка, мрежно работење и градење капацитети меѓу научниците ангажирани во НАТО, земјите-партнери и земјите од Медитеранскиот дијалог. Програмата Безбедноста низ науката ја концентрира својата поддршка за соработка на истражувачки теми поврзани со одбраната од тероризмот или со справувањето со другите закани по безбедноста. Друга цел е промовирање на споделувањето и трансферот на технологијата со цел им се помогне на земјите-партнери да ги решат сопствените конкретни приоритети.

Програмата на Комитетот за предизвиците на современото општество (CCMS) се занимава со проблемите на животната средина и општеството преку обединување на државните агенции за да соработуваат на краткорочни и долгорочни студии во овие области. Ова овозможува единствен форум за споделба на знаење и искуство во однос на техничките, научните и политичките аспекти на прашања поврзани со општеството и животната средина меѓу НАТО и земјите-партнери, во цивилниот и во воениот сектор. Нејзината работа се темели на неколку клучни цели поврзани со прашањето на безбедноста.

## Примена на науката во безбедноста

### Одбрана од тероризмот

Борбата против тероризмот стана клучен приоритет и за сојузниците и за партнерите. НАТО поддржува научно истражување во функција на развивање на ефикасни методи за откривање на хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје или агенси, и за подобрување на физичката заштита од истите. Се поттикнува исто така и истражување на подобри можности за безбедно уништување на таквото оружје, за деконтаминација, и за медицинска реакција вклучувајќи ги и хемиските технологии и оние за вакцинирање.

Се организираат работилници и семинари за обединување на научници во разгледувањето на прашањата како: намалување на ранливоста на критичната инфраструктура (вклучувајќи енергија, комуникации, сообраќај и системи за поддршка на животот); заштита од еко-тероризмот и компјутерскиот тероризам; подобрување на пограничната безбедност; борба против недозволените видови на трговија; и развивање на поефикасни средства за откривање на експлозиви.

Исто така се разгледуваат и пошироки прашања, како: разбирањето на корените на тероризмот, социјалните и психолошките последици од тероризмот, и како да се засили отпорноста на луѓето од терористичките закани, со цел развивање на препораки во однос на политиките.

### Справување со други закани по безбедноста

Иако евидентно се помалку опасни, другите извори на потенцијални закани против безбедноста и стабилноста вклучуваат деградација на животната средина - како ширењето на пустините, ерозија на почвата или загадување на заедничките водни патишта - и малото количество на необновливите ресурси, што може да доведе до регионални или прекугранични спорови. Решавањето на таквите проблеми честопати бара не само научни знаења туку и мултилатерална акција. За да се

задоволи оваа потреба, НАТО поддржува проекти и студии кои се занимаваат со примената на најдобрата научна пракса и ги вклучува главните заинтересирани земји.

Светот исто така ќе беше побезбедно место ако можеше да се предвидуваат природните катастрофи, да се намалат нивните последици или уште подобро, да се спречат истите. За многу партнери, ова е главната област на интерес. НАТО спроведе неколку проекти со цел намалување на последиците од поголеми земјотреси во поглед на загубените животи, материјалните штети, и економското и социјално пореметување. Таквите проекти, на пример, истражуваат начини за подигнување на нивото на отпорност на зградите од земјотрес или пак се занимаваат со собирање податоци за сеизмолошките и геолошките карактеристики на еден регион за изработка на мапи за потенцијални земјотреси како испомош за урбанистите во утврдување каква зграда може да се изгради и на кое место. Исто така се дава поддршка и на проекти со кои се изработуваат поефикасни методи на рано предупредување и системи за справување со поплавите.

Зависноста на современото општество од пристап до здрава храна или од безбедни и сигурни информации, значи дека достапноста на истиве мора да се обезбеди. Ова се исто така главни области на натамошно проучување во напорите да се создаде побезбедно општество.

## ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТА

Прекуграничниот карактер на прашањата поврзани со животната средина ја натера меѓународната заедница да завземе активна улога во иницирањето на проекти за животната средина не само за подобрувањето на социјалниот и економскиот развој, туку и за унапредувањето на безбедноста и стабилноста. Таквите проекти се главниот фокус во програмата на Комитетот за предизвиците на современото општество (CCMS) и претставуваат важен дел од програмата Безбедноста низ науката.

Важен чекор кон поддршката на поврзувањето на прашањата за животната средина и безбедноста и стабилноста беше направен во 2002 г. со започнувањето на заедничката иницијатива Животната средина и безбедноста (ENVSEC) на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Програмата на Обединетите нации за животна средина и Развојната програма на Обединетите нации. Иницијативата се фокусира на ранливи региони како што се Балканот, Кавказ, и Централна Азија.

Заради тоа што програмите Безбедноста низ науката и CCMS промовираат безбедност низ соработка во науката и животната средина со земјите-партнери во овие региони, тие сега се поврзани со ENVSEC. Се координираат активностите, се споделуваат информациите и резултатите се испраќаат до надлежните власти во регионите, со што активностите ќе имаат поголемо влијание.




### Помош при земјотреси

Земјотресите претставуваат голема закана во густо населените области во Централна Азија. Во проект поддржан од НАТО, турски експерти за земјотрес им помагаат на своите колеги од Узбекистан и Киргистан во утврдување на мапите за потенцијални земјотреси за нивните главни градови, Ташкент и Бишкек. Овие мапи ќе послужат како инструмент при донесувањето одлуки за урбанистичкото планирање и засилување на постоечките згради.

## Поврзување на луѓето

Научниците зависат од пристапот до информациите за да фатат чекор со најновите достигнувања и истражувања. Сепак, не сите научни и академски заедници имаат можност да ги користат бенефициите од пристигнувањето на информатичкиот век или пак да ги користат можностите на интернет. Исто така, непостоењето информациски монопол честопати се смета за предуслов за напредок на демократијата и граѓанското општество.

За да се подобри оваа состојба, цивилната научна програма на НАТО на неколку научни и истражувачки институции во земјите-партнери им ја обезбеди потребната мрежна инфраструктура за пристап до интернет.

Беа формирани градски мрежи за подобар пристап до интернет за академските заедници во источните региони на Русија и Украина, како и националните мрежи во Молдавија, Романија и поранешната југословенска Република Македонија.* Најголемиот и најамбициозниот проект поддржан од НАТО во оваа област е проектот Виртуелниот пат на свилата, со кој се овозможува сателитски пристап до интернет за академските и научните заедници од Јужен Кавказ и Централна Азија.




**Виртуелниот пат на свилата**

Проектот Виртуелниот пат на свилата започна во октомври 2001 г. (неговото име потсетува на Големиот пат на свилата со кој Европа била поврзана со Далечниот Исток, поддржувајќи така размена на стока, знаење и идеи). Проектот предвидува пристап до интернет за академските и научните заедници на осум земји-партнери во Јужен Кавказ и Централна Азија - Ерменија, Азербејџан, Грузија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан - и беше проширен со Авганистан во 2004 г.

Најмодерна сателитска технологија, која ги оправдува трошоците, сега ги поврзува научниците и академците во овие земји со интернет преку еден заеднички сателитски сигнал. Со донацијата од НАТО се финансираше сателитската фреквенција и инсталацијата на десет сателитски чинии. Другите спонзори на проектот донираа опрема. Со инвестиција од 3,5 милиони американски долари за четири години, ова е досега најголем проект што бил спонзориран од страна на цивилната научна програма на НАТО.

# Вистинска евроатлантска безбедносна култура

Пристапот на Алијансата на Партнерство што се развива беше многу успешен помагајќи во промената на стратешкото опкружување во евроатлантската област.
Со промовирање на политичкиот дијалог и воена интероперативилност, Партнерството помогна да се создаде вистинска евроатлантска безбедносна култура - силна решеност да се работи заедно во справувањето со критичните безбедносни предизвици во и надвор од евроатлантската заедница на држави.

Благодарение на практичната соработка фокусирана врз подготовката на воените сили на сојузниците и партнерите да работат заедно, војници од НАТО и од земјите-партнери служат рамо до рамо на Балканот и во Авганистан. Исто така Партнерството ја обезбедува рамката за сојузниците и партнерите заедно да реагираат на заканата од тероризмот и да се справат со клучните прашања како што е пролиферацијата на оружје.

Преку стимулирање и поддршка на реформите во одбраната во многу земји-партнери, Партнерството исто така придонесува кон демократската трансформација. Ова пак помага во градењето на посовремени, ефикасни и демократско одговорни воени сили и на други одбранбени институции. Понатаму тоа им помага на земјите да се справат со социјалните и материјалните последици од таквите реформи.

Подеднакво се создаваат непосредни поволности за луѓето и од земјите членки на НАТО и од земјите-партнери преку практичната соработка во широк спектар на други области, вклучувајќи ја и подготвеноста за елементарни непогоди и соработка во областа на науката и животната средина.

Партнерството веќе има помогнато на десет земји да се подготват за обврските што произлегуваат од членство во НАТО, а вратата на НАТО останува отворена за нови членови. Но Партнерството исто така обезбедува единствена рамка за западноевропските неврзани земји, кои не бараат членство, да придонесат кон евроатлантската безбедност без компримитирање на принципите на нивните надворешни и безбедносни политики.

Предизвиците за евроатлантската безбедност се менуваат. Заканите што еволуираат, вклучително и тероризмот и нестабилните држави, имаат домашни и надворешни извори и транснационална природа. Иако заканите по стабилноста остануваат во стратегиски важниот регион на Балканот, настаните во Авганистан покажаа дека новите предизвици за нашата заедничка безбедност доаѓаат од периферијата на евроатлантската област. Во вакво опкружување, меѓународната стабилност и безбедност сè повеќе ќе зависат од внатрешните реформи од една страна, и од поширока меѓународна соработка од друга страна. Не може да се има ефикасна безбедносна соработка без фундаментално демократските доктрини и институции. Евроатлантското Партнерство има клучна улога и во двата аспекта.

Како што сојузниците и партнерите продолжуваат да се развиваат заедно, тие ќе го зголемат нивниот капацитет да одговорат на заедничките предизвици преку заеднички реакции, градејќи безбедност за идните генерации врз основа на разбирање и соработка.

„Сега кога го поздравуваме овој десетгодишен јубилеј, погледнуваме наназад и гледаме показатели на успех. Евроатлантското Партнерство е катализатор на внатрешната трансформација и на меѓународната безбедносна соработка на едно ниво без историски преседан. НАТО постојано е во центарот на нашите напори. Партнерството исто така се движи кон јадрото на работата на НАТО. Им служи на сојузниците. Им служи на партнерите. Им служи на демократијата и на мирот.“

Генералниот секретар на НАТО Јап де Хоп Шефер ја обележува десетгодишнината на Партнерството за мир во обраќањето пред Евроатлантскиот партнерски совет, на 14 јануари 2004 г.

NATO Public Diplomacy Division / Division Diplomatie publique de l'OTAN
1110 Brussels, Belgium / 1110 Bruxelles, Belgique
Web site : www.nato.int
Site web : www.otan.nato.int
E-mail / Courriel : natodoc@hq.nato.int

© NATO / OTAN 2005

Се планира оваа брошура да се издаде на јазиците на сите земји-членки на НАТО и земјите-партнери. Повеќе информации за достапноста на оваа брошура можете да добиете на www.nato.int/docu/pub-form.htm или обратете се до Одделот за дистрибуција:

NATO Public Diplomacy Division – Distribution Unit
Division Diplomatie publique de l'OTAN – Unité de diffusion
1110 Brussels, Belgium / 1110 Bruxelles, Belgique
Tel. : +32 2 707 5009
Fax : +32 2 707 1252
E-mail / Courriel : distribution@hq.nato.int

STPART_MAC0405